Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## НАЈТЕНКИОТ ТВ-ЕКРАН НА СВЕТОТ

"Sony" официјално објави дека од 1 декември ќе почне комерцијално да го продава XEL-1, прв на светот од следната генерација на





рамни екрани. Со дебелина на екранот од само 3мм, и драматичен контраст од 1.000.000: 1 (не е печатна грешка), XEL-1 ќе биде првиот произведен ТВ-екран со OLED (Organic light-emitting diode) технологија. Од 1 декември, само во Јапонија, овој мал 11-инчен екран ќе чини 200.000 јени или околу 1.700 долари.

## BLUETOOTH ОЧИЛА ОД "MOTOROLA"

Новата генерација на Bluetooth очила од "Motorola" - "O ROKR Pro", според најавата на електронските





медиуми, наскоро ќе можат да се најдат во продажба.

И покрај тоа што се идеална заштита од сонце, овие очила истовремено имаат вградено и стерео слушалки, преку кои можете да разговарате со соговорникот или можете да слушате музика преку "streaming" опциите. Очилата можат да се полнат преку USB кабел, или преку адаптер, а батеријата ќе ви овозможи 5 часа разговор.

